**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 196/7**
**Скопје, 15. 07. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Чучер - Сандево за 2008 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Чучер - Сандево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Воислав Киранџиќ - Градоначалник на Општина Чучер - Сандево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 21.04. до 05.05.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.1.1. Во 2008 година од позицијата Основни плати и надоместоци се исплатени средства во поголем износ од 459 илјади денари и тоа:

- за паушали на градоначалникот во износ од 180 илјади денари, спротивно на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Република Македонија;
- повеќе исплатени надоместоци на советниците во износ од 9 илјади денари за присуство на венчавки, спротивно на Законот за локална самоуправа и
- исплатен додаток од 35% на месечната плата на дел од државните службеници и другите вработени во износ од 270 илјади денари, а по основ на работа подолга од полното работно време. Исплатата е извршена само врз основа на решение од градоначалникот, без веродостојна, вистинита и уредна сметководствена документација (налог за работа, извештај за извршена работа, часови кога е извршена работата потврдена од одговорно лице) со што ќе се потврди дека исплатата е за извршена работа надвор од работното време. Овие исплати се спротивни на Законот за државни службеници и на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Непримената на претходно споменатите закони и невоспоставените внатрешни контроли придонесуваат за ненаменско и незаконско трошење на средствата на општината и нереално искажани расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да донесува акти кои ќе се темелат на позитивната законска регулатива..

10.1.2. За користење мобилни службени телефони од страна на дел од вработените во општинската администрација, претседателот на советот и советниците, потрошен е поголем износ од 90 илјади денари од износот кој е одобрен и е на товар на расходите на општината. Повеќе потрошените средства не се вратени/наплатени од корисниците на мобилните телефоните, што е спротивно на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и ограничување на износот на сметката. Ефектот од постапување кое не е во согласност со Одлуката придонесува до неоправдано поголеми расходи во финансиските извештаи на општината.

**Препорака:**
Расходите за службени мобилни телефони да се движат во рамки на одобрените со одлуката за користење на службен мобилен телефон, а доколку истите ги надминат одобрените износи за разликата да се изврши рефундација во корист на сметката на општината.

10.1.3. Општина Чучер - Сандево во 2008 година со договор на дело има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација, што е спротивно на Законот за работни односи. На овие лица во 2008 година е исплатен надоместок во износ од 104 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2008 година.

**Препорака:**
Постапките за вработување на неопределено и определено работно време да се реализираат согласно законските прописи кои ја регулираат оваа област.

10.1.4. Од позицијата Субвенции и трансфери исплатени се парични средства во износ од 84 илјади денари по основ на трансфери до невладини организации, друштва и здруженија. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот, без да постојат Програми со утврдени цели и активности, донесени од Советот на општината и без акт со утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за здруженијата на граѓани и фондации.

**Препорака:**
Во 2009 година Советот да донесе Програма и да се утврдат критериуми со кои ќе се определат основните цели и активности за доделувањето на средства за невладини организации, друштва и здруженија.

**10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. Општина Чучер - Сандево во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/120 од 23.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Чучер - Сандево , врз основа на спроведен делбен биланс. За овој имот општината има обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, го има искажано како состојба во пописните листи за 2008 година но без утврдена вредност, поради што и не е евидентиран во сметководството.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2008 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината

**Препорака:**
Градоначалникот да формира комисија, која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на недвижниот имот добиен на основа спроведен делбен биланс со Владата на Република Македонија, по што надлежните во сметководството треба да извршат евидентирање на истиот.

10.2.2. Обврските спрема добавувачите се искажани во помал износ за 1.119 илјади денари, поради погрешно евидентирање на обврски кои произлегле од извршување на извршно решение, наместо евидентирање и плаќање на обврска по камата извршено е намалување на обврската за главниот долг за претходно споменатиот износ.
Вкупната обврска по основ на главен долг по наведеното извршно решение изнесува 19.992 илјади денари од кој е платен износ од 2.567 илјади денари по што салдото на неплатени обврски треба да изнесува 17.425 илјади денари, а не износ кој е искажан од страна на општината од 16.306 илјади денари поради што е искажана обврска во помал износ од 1.119 илјади денари.

Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект погрешно искажани состојби во сметководството и Билансот на состојбата за 2008 година.

**Препорака:**
Надлежните од сметководството на Општина Чучер - Сандево да извршат реално евидентирање на обврската по основ на главен долг по извршното решение.

10.2.3. Општина Чучер - Сандево користи возило џип, кое е сопственост на Министерството за транспорт и врски и е регистрирано на Министерството за транспорт и врски. Ова возило општината го има добиено од Министерството, за што на ревизијата не и беше дадена на увид никаква документација. Средството не е евидентирано во сметководствената евиденција на општината, на истото не е извршен попис како туѓо основно средство и не е доставена листа до сопственикот, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Постапка која не е до крај регулирана со соодветни акти може да доведе до ненаменско користење на основните средства.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за да се обезбеди документацијата за добивањето на возилото и да формира комисија за утврдување на состојбата и вредноста на истото.

**10.3. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

10.3.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од областа на јавните набавки поради следното:

1) Дел од набавките кои подлежат на одредбите од Законот за јавни набавки, Општина Чучер - Сандево ги извршила без да спроведе постапка за јавна набавка. Ревизијата изврши увид на набавките за кои не е спроведена постапка за јавна набавка, при тоа опфаќајќи и дел од набавките за кои во 2008 година се извршени плаќања, а потекнуваат од претходни години, при што утврди дека за набавки во вкупен износ од 595 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на Законот за јавни набавки (Прилог 1).

2) Во врска со јавната набавка по Отворен повик бр. 3 од 09.05.2007 година за изградба на објектите водовод во с. Брест и локален пат за населено место Танушевци, утврдени се следните неправилности:
- како најповолен понудувач на работите по предлог на комисијата за јавни набавки од страна на градоначалникот е избран правен субјект од с. Блаце кој според Решение за регистрација од Централниот регистар е регистриран на 09.03.2007 година како правен

наследник на правнен субјект регистриран со Решение за регистрација во Основниот суд Скопје 1-Скопје Трег.бр.11497/98 од 03.03.1999 година ;
- Документите кои се приложени со понудата гласат на правниот субјект регистриран во 1999 година и тоа:

- Извештај со мислење за бонитетот на понудувачот;
- Потврда од Основниот суд Скопје 2 - Скопје за тоа дека не е поведена постапка за стечај,
- Уверение од Основниот суд Скопје 2 - Скопје за тоа дека нема забрана за вршење на дејност, освен
- Уверение за платени даноци од 19.06.2007 година од УЈП Регионална дирекција Скопје издадено за ново регистрираниот субјект, но не и за претходниот субјект.

Поради претходно наведеното комисијата за јавни набавки не требало да го рангира овој понудувач.
Спротивно на Законот за јавни набавки комисијата за јавни набавки кај оваа постапка за јавна набавка извршила исклучување на поодделни понудувачи од понатамошна постапка на евалуација само поради тоа што понудата е со повисока цена од средствата кои биле утврдени со решението за јавна набавка.

3) Во врска со јавната набавка за Одржување и набавка на материјали за одржување на јавно осветление за што е склучен договор на износ од 1.000 илјади денари, во решението за јавна набавка наведен е само износот на парични средства кој е потребен за извршување на оваа набавка без да бидат наведени потребните количини, што е спротивно на одредбите од членот 12 став 2 од Законот за јавни набавки.

Не спроведувањето на постапки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, фаворизирање на одредени фирми, нетранспарентност при склучување на договоите, ја спречува конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и под законските акти во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Чучер Сандево под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.1.1., 10.1.2. ,10.1.4. и 10.3. кај Органот на Општина Чучер Сандево, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 07.07.2009 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 38,096 | 35,552 |
| **Вкупно приходи** | | **38,096** | **35,552** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 9,681 | 8,436 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 342 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 8,046 | 12,812 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 11,102 | 355 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **28,829** | **21,945** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 9,267 | 13,607 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **9,267** | **13,607** |
| **Вкупно расходи** | | **38,096** | **35,552** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 30,869 | 11,762 |
| **Вкупно тековни средства** | | **30,869** | **11,762** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 245 | 245 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 2,175 | 2,725 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,420** | **2,970** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **33,289** | **14,732** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 30,174 | 11,284 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 67 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 628 | 478 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **30,869** | **11,762** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 2,420 | 2,970 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,420** | **2,970** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **33,289** | **14,732** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Сметка за приходи остварени од услуги од буџетски корисници (631)**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **2,970** | **2,970** |
| **Зголемување по основ на:** | **163** | **163** |
| Набавки | 163 | 163 |
| **Намалување по основ на:** | **713** | **713** |
| Амортизација | 713 | 713 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **2,420** | **2,420** |